Врз основа на чл.22 и чл.23 од Законот за работните односи (Службен весник на РМ бр.154/14 пречистен текст, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15, 27/16, 120/18 и Службен весник на РСМ бр. 110/19, 267/20, 151/21, 288/21, 111/23, 39/25, 74/25 и 124/25), чл.20-г од Законот за вработените во јавниот сектор (Службен весник на РМ бр. 27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18 и Службен весник на РСМ бр. 143/19, 14/20 и 208/24), Правилникот за задолжителните елементи на јавниот оглас за пополнување на работното место во јавниот сектор преку вработување и на пријавата за вработување, како и формата, содржината и начинот на водење регистар на лица кои дале лажни податоци при вработување во јавниот сектор (Службен весник на РСМ бр.242/2024), Правилник за формата и содржината на јавниот оглас и на пријавата за вработување, начинот на спроведување на постапката за вработување, начинот на спроведување на интервјуто како и начинот на бодување во зависност од категоријата и нивото на работното место за кое е објавен огласот од НУ Национален конзерваторски центар - Скопје бр. 01-271/8 од 13.5.2026 година, а во врска со Одлуката за објавување на јавен оглас бр. 04-8/30 од 17.9.2026 година и Согласност од Министерство за финансии бр. 19-6773/2 од 4.9.2026 година, се распишува, следниот:

**ЈАВЕН ОГЛАС бр. 02/2026**
**За вработување на едно (1) лице на неопределено работно време**

НУ Национален конзерваторски центар - Скопје, има потреба од вработување на 1 (едно) помошно-техничко лице, на неопределено време, на работно место:

- **Возач**, шифра КУЛ 04 03 А01 001 во Секторот за правни, финансиски, административни и општи работи.

**Општи услови кои треба да ги исполнува кандидатот:**

- да е државјанин на Република Северна Македонија,
- активно да го користи македонскиот јазик,
- да е полнолетен,
- да има општо здравствена способност за работното место и
- со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана на вршење професија, дејност или должност.

Покрај општите услови за пополнување на работно место –Возач, кандидатот треба да ги исполни и следните **посебни услови**:

- средно гимназиско образование,

- возачка дозвола „Б“ или „Ц“ категорија,
- со или без работно искуство во струката.

**Распоред на работно време:**
работни денови: понеделник – петок
работни часови: 40 часа неделно
работно време од 08:00 до 16:00 часот.

**Паричен износ на нето плата за работното место изнесува**: 37.381,00 денари

Кандидатите за вработување се пријавуваат на јавниот оглас преку пополнување на пријава и приложување на докази за исполнување на условите за работното место. Пријавата за вработување кандидатите можат да ја подигнат во архивата на **НУ Национален конзерваторски центар - Скопје** или на веб страната на установата (heritage.gov.mk). Кандидатите се должни пријавата да ја потполнат во целост, прецизно и со точни податоци. Со пријавата треба да се достават потребните документи за исполнување на општите и посебни услови.

Кандидатите кон пријавата треба да приложат во оригинал или копии заверени на нотар:

- уверение за државјанство;
- доказ за општа здравствена способност за работното место / лекарско уверение (не постаро од 6 месеци);
- доказ / потврда / уверение дека со правосилна судска пресуда не му е изречена казна забрана за вршење професија, дејност или должност (не постаро од 6 месеци);
- доказ за завршено образование / диплома за завршен степен на образование кое се бара за работното место;
- доказ за работно искуство/ доколку се бара (од Агенција за вработување на РСМ).

Јавниот оглас трае 3 (три) работни дена од денот на неговото објавување во дневниот печат. Пријавата со комплетните документи кандидатите можат да ја достават директно во архивата на НУ Национален конзерваторски центар - Скопје заклучно со последниот ден до 15:00 часот или по пошта во затворен плик со назнака **„За јавен оглас за вработување бр. 02/2026“** на адреса на НУ Национален конзерваторски центар - Скопје, ул. Јосиф Михајловиќ бр.7, Скопје. Право на учество имаат сите граѓани на Република Северна Македонија кои ги исполнуваат условите (општи и посебни).

Кандидатите се должни да достават прецизни и точни податоци. Селекцијата и интервјуто на пријавените кандидати ќе ги спроведе надлежна Комисија формирана за спроведување на постапка за вработување.
Пријавените кандидати ќе бидат навремено известени за времето и местото на одржување на интервјуто. Ненавремена, нецелосна и некомплетна пријава и документација нема да биде предмет на разгледување од страна на Комисијата. Изборот ќе се изврши во зависност од пријавените кандидати а најдоцна во рок од 45 дена по истекот на рокот за пријавување.

НУ Национален конзерваторски центар - Скопје